УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2021

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 1

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА
# 2021

# YEARBOOK OF
# FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS
# 2021

ГОДИНА 1 VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

## ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

## YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS


**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.



| | |
|---|---|
| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| | |
| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска | Biljana Conevska Gunjovska, PhD. |
| | |
| **Уредувачки одбор** | **Editors** |
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Цветанка Р. Магловска – Уредник | Assis. Prof. Cvetanka R. Maglovska, PhD. - Editor |
| | |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| | |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |



| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |


GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

## СОДРЖИНА - CONTENTS

**Никола В. Димитров** - ФАКТОРИ И УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА БИТОЛА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАНАСТИРСКИОТ ТУРИЗАМ ....................6

**Biljana Petrevska; Vlatko Cingovski** - SUSTAINABILITY IN HOTEL INDUSTRY: THE ROLE OF ROOFTOP PV PLANTS....................12

**Златко Јаковлев** - УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ МАНАЏМЕНТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТУРИСТИЧКО - УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ..........18

**Златко Јаковлев; Душита Матета Гигова** - МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ ВО ТУРИЗМОТ ....................26

**Mimoza Serafimova; Bobana Stefanoska** - OPERATIONS STRATEGY AND COMPETITIVENESS - CASE STUDY AND ANALYSIS....................31

**Tatjana Boshkov; Mishko Djidrov** - CIRCULAR ECONOMY CONCEPT AND PERSPECTIVES IN CROATIA ....................39

**Дејан Методијески; Оливер Филипоски** - КОН ПРИСТАПЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....................44

**Марија Магдинчева-Шопова; Анета Стојановска-Стефанова** - ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РОДОВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ....................53

**Dushko Josheski; Tatjana Boshkov** - BEQUEST TAXATION, ESTATE TAXATION, LAND TAXATION, OPTIMUM TOWN, HENRY GEORGE THEOREM AND CAPITAL TAXATION: A SURVEY....................58

**Aneta Stojanovska-Stefanova; Marija Magdinceva-Sopova** - WOMEN’S RIGHTS ARE HUMAN RIGHTS: A DECADE OF THE COUNCIL OF EUROPE ISTANBUL CONVENTION ....................79

**Mladen Micevski; Biljana Petrevska** - OTTOMAN HERITAGE: SPECIFIC PERCEPTION OF STUDENTS FROM NORTH MACEDONIA ....................90

**Емануела Есмерова; Драшко Атанасоски** - ОБУКАТА И РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЕКОНОМИСУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА............94

**Перпарим Ќахили; Цане Котески** - ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАГАДУВАЊЕТО ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНОТ НА АНА МОРАВА....................100

**Ивица Јосифовиќ** - РЕГУЛАТИВАТА ЕУРОДАК: КОН ПОДОБАР СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И КОНТРОЛА МИГРАЦИЈАТА И АЗИЛОТ....................115

**Христина Рунчева-Тасев; Филип Стојковски** - ЕФЕКТИТЕ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ: ТРАНСФОРМАТИВНА МОЌ НА ГЛОБАЛНАТА КРИЗА ....................115

**Џеват Кицара** - ИМИЏОТ И РЕПУТАЦИЈАТА НА ДЕСТИНАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....................128

**Марио Чобанов** - СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА СИНЏИРИТЕ НА СНАБДУВАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ – СОСТОБИ И ПЕРСПЕКТИВИ.................137

**Александар Магдески** - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЕВЕНТИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА „ПИВО ФЕСТ“ – ПРИЛЕП .................................................144

**Наташа Петровска** - КУЛТУРОШКО-ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ЕКОТУРИЗМОТ КАКО ФАКТОР ЗА ПОВТОРНО ЗАЖИВУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ПО ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19.........................................................................153

UDK 338.488-056.24/.26(497.7)

# КОН ПРИСТАПЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Дејан Методијески[1]; Оливер Филипоски[2]**
[1]Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, dejan.metodijeski@ugd.edu.mk
[2]Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, oliver.filiposki@ugd.edu.mk

Апстракт

Туризмот е активност на луѓето кои патуваат надвор од своето постојано место на живеење, појава која е присутна во сите земји во светот и бележи се поголем раст на глобално ниво. Инклузијата, попреченоста, стареењето на светското население и туризмот се важни полиња на истражување, бидејќи истите имаат свои импликации врз понудата и побарувачката на туристички производи и услуги. Предмет на овој труд е пристапниот туризам и состојбата со овој вид на туризам во Република Северна Македонија. Во трудот се дадени основните аспекти на пристапниот туризам и различни иницијативи поврзани со овој вид на туризам во земјата. За потребите на трудот, употребена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање на релевантна литература поврзана со пристапниот туризам, како и интернет. Направена е анализа и преглед на примери на пристапен туризам, врз основа на систематска евалуација на нивната содржина и активности. Заклучните согледувања се однесуваат на потенцијалите за развој на пристапниот туризам, во насока на подобрување на условите за пристапност во Република Северна Македонија како туристичка дестинација.

Клучни зборови: туризам, пристапност, попреченост, Република Северна Македонија

# TOWARDS ACCESSIBLE TOURISM IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Dejan Metodijeski[1]; Oliver Filiposki[2]**
[1]University Goce Delchev Shtip, Faculty of tourism and business logistics, dejan.metodijeski@ugd.edu.mk
[2]University Goce Delchev Shtip, Faculty of tourism and business logistics, oliver.filiposki@ugd.edu.mk

Abstract

Tourism is an activity of people who travel outside their permanent place of residence, a phenomenon that is present in all countries in the world and is growing more globally. Inclusion, disability, world population aging and tourism are important fields of research, as they have implications for the supply and demand of tourism products and services. The subject of this paper is accessible tourism and the situation with this type of tourism in the Republic of Northern Macedonia. The paper presents the basic aspects of accessible tourism and various initiatives related to this type of tourism in the country. For the purposes of the paper, research methodology and secondary data sources were used by consulting relevant literature related to accessible tourism as well as the Internet. An analysis and review of examples of accessible tourism was made, based on a systematic evaluation of their content and activities. The concluding observations refer to the potentials for development of accessible tourism, in order to improve the accessibility conditions in the Republic of North Macedonia as a tourist destination.

Key words: tourism, accessibility, disability, Republic of North Macedonia.

## 1. Вовед

Туризмот е активност на луѓето кои патуваат надвор од своето постојано место на живеење. Туризмот ги задоволува нивните потреби и влијае врз социо-културната, економската и физичката околина на земјата домаќин. Туризмот денес претставува своевиден феномен, појава која е присутна во сите земји во светот и бележи се поголем раст на глобално ниво. Не постои земја во светот која не развива некаков вид на туризам или држава каде населението не е вклучено во туристичко патување и движење надвор од своето постојано место на живеење. Вклучувањето на туристите во патувања се случува поради различни причини како бизнис, задоволство, религија, спорт и рекреација или други причини. Големата улога која ја има туризмот, како од аспект на културниот просперитет, така и поради економскиот бенефит за дестинациите ќе го поткрепиме со податоците кои ги дава Светската туристичка организација при Обединетите Нации [1]: туризмот учествува со околу 10% во глобалниот бруто домашен производ и секој десетти вработен човек во светот, е вработен во овој сектор. Доаѓањата на туристи во 2019 година на меѓународно ниво ја достигнале бројката од 1.460 милиони, а туристичката потрошувачка изнесувала 1.481 милијарди американски долари. COVID-19 кризата придонесе за големи рестрикции во патувањата и намалување на меѓународниот туризам. Здравствените протоколи и забраните за патувања како би се спречило ширењето на пандемијата негативно влијаеа на туризмот во 2020 година. Според истражувањата на Светската туристичка организација при Обединетите Нации, доаѓањето на странски туристи на глобално ниво се намалуваат за 74% или 1,1 милијарда туристи во 2020 година помалку патуваат во споредба со 2019 година. Бројот на странски туристи во светот во 2020

година изнесува 381 милиони, што претставува најмал број на туристи во светски рамки во изминатите 30 години. Се предвидува, дека ревитализацијата на туризмот и позитивниот раст на бројот на туристи ќе биде остварен во следните 5 години. Во изминатиот период поради COVID-19 кризата на меѓународно ниво се прифатени здравствени сертификати за патувања, како и сертификати за безбедни дестинации и објекти.

Туризмот денес е составен дел од начинот на живот на современите општества. Има значителна улога во економските активности на многу земји и е еден од водечките елементи на меѓународната трговија. Покрај тоа, туризмот има големо значење во комуникацијата и во размената на знаење. Со оглед на неговата природа и влијанието, туризмот треба да биде достапен за сите луѓе во светот. Благодарение на универзална примена на принципот на еднакви можности, упатствата и резолуциите создадени од меѓународни институции, како и позитивната законска регулатива во многу земји, туризмот и патувањата се сметаат за право на сите граѓани и затоа треба да се гарантира отстранување на бариерите како би се овозможило остварување на тие права. Туризмот достапен за сите е широко распространет социјален императив, што треба да биде овозможен од страна на јавните власти и од страна на туристичкото стопанство [2]. Лицата со попреченост се полноправни граѓани во државите, стануваат се поважен сегмент од побарувачката на туризам, делуваат како генератор на деловни активности во туристичката индустрија и фактор за диверзификација на дестинациите и производите, како и стратегиите за развој на туризмот.

Целта на овој труд е да се направи преглед на добри практики и да се прикажат примери на пристапен туризам во Република Северна Македонија. За потребите на трудот, користени се секундарни извори на податоци преку консултирањето на релевантна литература од областа на пристапниот туризам, како и интернетот. Прегледот на литературата покажа дека, постојат повеќе автори во меѓународни рамки, кои се занимаваат со проблематиката поврзана со пристапниот туризам, а туристичките дестинации се повеќе работат во насока на прилагодување на својата инфраструктура за потребите на лицата со попреченост. Користејќи го интернетот собрани се материјали поврзани со пристапниот туризам кои ги анализираме во трудот. Главниот метод кој се користи во истражувањето за потребите на трудот е анализа на содржината [3]. Анализа на содржината е истражувачка метода која се користи за систематска оцена на содржината на појавата која се истражува, во нашиот случај иницијативи за пристапен туризам во Република Северна Македонија.

## 2. Дефинирање на пристапниот туризам

Податоците на Светската здравствена организација при Обединетите Нации [4], покажуваат дека 15% од светското население има некаква форма на попреченост, а овие проценти се зголемуваат поради стареењето на населението во светот. Попреченоста може да биде когнитивна, развојна, интелектуална, телесна, сетилна, или комбинирана, но во сите случаи значително влијае врз секојдневните активности и може да биде присутна од раѓање или да се појави во текот на животот. Попреченоста е широк концепт што може да има различно значење при различни пристапи. Може да се однесува на медицинската односно здравствената состојба на лицето, тогаш станува збор за медицински модел на попреченост. Понатаму може да се однесува и на ограничувањата што заедницата (околината) им ги наметнува на луѓето, во овој случај станува збор за општествен модел на попреченост. Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лица со попреченост ја дава следната дефиниција: лица со долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни нарушувања, кои во интеракција со различни пречки може да ја спречат нивната целосна и ефикасна застапеност во општеството на еднаква основа како и другите [5].

Развиените земји имаат најразлични програми за вклучување на лицата со попреченост во туристички патувања. Државните институции создаваат законска регулатива, ја развиваат и прилагодуваат својата инфраструктурата и прават промотивни кампањи. Во овие активности се вклучува и невладиниот сектор. Покрај нив, угостителските објекти, ресторани, хотели, бродови за крстарење имаат сериозен пристап кон лицата со попреченост, се прави достапност до нивните објекти, се поставуваат рампи, лифтови, се изнајмуваат кучиња водичи за слепи лица, менијата се приспособуваат со Брајова азбука и слично.

Во изминатите декади, се забележува зголемен обем на научна литература која го третира пристапниот туризам во меѓународни рамки. На светско ниво се изработуваат голем број на студии и се спроведуваат различни истражувања поврзани со пристапноста во туризмот и патувањата на лицата со попреченост. Пристапниот туризам можеме да го дефинираме како форма на туризам која вклучува соработка меѓу повеќе заинтересирани страни преку кои им се овозможува пристапност на туристите со попреченост, како истите би можеле да функционираат независно и достоинствено, преку универзално креирани туристички производи, услуги и околина [6]. Зборот соработка во дефиницијата за пристапен туризам е од големо значење, бидејќи пристапниот туризам е синџир од меѓусебно поврзани вредности [7]. Сите аспекти на пристапниот туризам се меѓусебно поврзани како би можело успешно да се услужат

туристите со попреченост. Ова означува, дека угостителските објекти, транспортот, објектите на култура, целосната инфраструктура траба да биде меѓусебно поврзана во синџирот на вредности. Понекогаш се случува да дојде до „прекин“ на синџирот на вредности во пристапниот туризам, како на пример во дестинацијата постои пристапен транспорт, угостителски објекти, но објектите за забава и рекреација или плажите не се достапни за лицата со попреченост. Покрај технолошкиот развој и зголемување на инвестициите и учеството на државите и туристичкото стопанство во развојот на пристапниот туризам, сепак има уште простор за многу повеќе подобрувања на ова поле [8].

Многу студии пристапниот туризам го анализираат, експлицитно или имплицитно, само од аспект на физичка пристапност на содржините [9], односно се опфаќаат потребите само на една категорија на лица со попреченост – телесно инвалидните лица. Пристапниот туризам не значи само отстранување на физичките бариери, туку треба да овозможи значајни искуства кои генерално ќе го подобрат квалитетот на живот на туристите со попреченост. Категоријата на лица со попреченост се карактеризира со особено хетероген состав, во неа влегуваат лица со различни попречености, различни предизвици и потреби од исклучително индивидуални адаптации за пристапност. Дури и во една категорија на лица со попреченост, односно кај лица со иста дијагноза во пракса ќе сретнеме индивидуи со различни функционални способности, искуства, ставови и со различни потреби за адаптација.

Во однос на терминологијата, пристапниот туризам, редица автори го нарекуваат инклузивен туризам [10], туризам на попреченост [11], туризам без бариери, туризам за сите, а некои автори го вклучуваат како подмножество на социјалниот туризам. Социјалниот туризам подразбира вклучување на групи во општеството кои се економски слаби или на друг начин се во неповолна положба за да земат учество во туризмот [12].

Според Светската туристичка организација при Обединетите Нации, пристапноста е централен елемент на секоја одговорна и одржлива политика за туризам. Тоа е императив за човековите права и исклучителна деловна можност. Пристапниот туризам не им користи само на лицата со попреченост, туку е од корист на сите. Заложбите за пристапен туризам оваа Организација ги започнува во 1991 година, кога ја усвојува Резолуцијата насловена како „Creating Opportunities for Handicapped People in the Nineties“. Оваа организација го прославува Светскиот ден на туризмот секој 27-ми Септември со различно мото. Во 2016 година, мотото на Светскиот ден на туризмот гласело: „Туризам за сите: лица со хендикеп, стари лица и семејства кои патуваат со мали деца“. Светската туристичка организација има спроведено поголем број на проекти, иницијативи и активности во насока на зголемување на свеста во различни земји од аспект на пристапноста во туризмот и патувањата на лицата со попреченост [13]. Во 2016 година во Сан Марино е одржана првата Меѓународна конференција за пристапен туризам, каде е усвоена Декларација за пристапен туризам [14]. Во 2020 година, од страна на Организацијата во Мадрид е организирана Меѓународна конференција за пристапен туризам со четири панел сесии [15]:

- Политики и стратегии за пристапен туризам;
- Пристапноста и економскиот потенцијал за туристичкиот сектор;
- Туристичките атракции достапни за сите;
- Пристапноста, иновациите и технологиите во функција на туристичките услуги.

Светската туристичка организација публикува неколку важни студии и истражувања поврзани со пристапниот туризам [16-21], а за време на COVID-19 пандемијата, публикува препораки за пристапниот туризам [22-23]. Покрај публикувањето на литература за пристапниот туризам, од страна на Светската туристичка организација се организира доделување на награди за „Пристапна туристичка дестинација“. Во 2019 година, наградата ја добиваат туристичките дестинации: за земја Португалија, а за градови Барселона (Шпанија) и Трисур (Индија).

Ширум светот, во различни држави постојат голем број на невладини организации кои ја третираат проблематиката со пристапноста во туризмот. Овие организации реализираат бројни проекти и инцијативи во областа на пристапниот туризам. Една од позначајните меѓународни организации за пристапен туризам е Европската мрежа за пристапен туризам (ENAT). Мисијата на Европската мрежа за пристапен туризам е да ги направи европските туристички дестинации, производи и услуги достапни за сите патници и да промовира достапен туризам низ целиот свет. Според Европската мрежа за пристапен туризам (ENAT), пристапниот туризам вклучува [24]:

- Дестинации без бариери: инфраструктури и објекти.
- Транспорт: воздушен, копнен и бродски, пристапен за сите патници.
- Услуги со висок квалитет: испорачани од страна на обучен персонал.
- Активности, настани и атракции: овозможен пристап и учество во туризмот од страна на сите.
- Маркетинг, системи за резервации, веб-страници и услуги: информации достапни за сите.

Бариерите за пристапност во туризмот може да бидат поделени во три основни дела: физички бариери, бариери на ставови и недостаток на информации. Физичките бариери се однесуваат на непристапен транспорт, сместување и содржини. Во последните неколку децении направени се

интензивни чекори за подобрување на пристапноста на објектите преку градење на пристапни рампи, лифтови, паркинг простор, ѕидни држачи, тактилни патеки, пристапни тоалети и сл. Но, сеуште постојат многу објекти кои остануваат физички недостапни за лицата со попреченост. Што се однесува до ставовите како бариера, голем дел од авторите веруваат дека последните неколку декади е направен значаен напредок во подигнување на јавната свест и надминување на предрасудите, но од друга страна сè уште сме сведоци на негативните ставови и предрасуди кон лицата со попреченост. Недостатокот на информации, не релевантноста на истите и несоодветната презентација се опишуваат како сериозна бариера во развојот на пристапниот туризам. Најчесто до потребните информации доаѓаме преку интернет портали, но голем дел од веб порталите немаат специфични адаптации за лицата со попреченост. Од друга страна имаме лица со интелектуална попреченост за кои има потреба од конкретизација и визуелизација на содржините.

Постојат одредени становишта, дека изградбата на пристапни објекти чини повеќе или е многу скапо. Истражувањата покажуваат, дека доколку се почитуваат стандардите за пристапност при изградбата на објекти, дополнителните трошоци можат да чинат само 1% од вкупните трошоци за градба [25]. Пристапноста на дестинацијата не е поврзана само со големи финансиски инвестиции. Дури и мали прилагодувањата и паметните решенија можат позитивно да влијаат на одлуката и искуството на посетителот. Ефикасноста на инвестициите во пристапноста често се мери како трошоци во однос на бројот на посетители со попреченост. Всушност, пристапните мерки ја подобруваат безбедноста и удобноста и даваат можност на секое лице да ужива во околината, производите и услугите. Поради тоа, инвестициите во пристапноста треба да се сфатат како инвестиции во достоинство и квалитет за сите.

## 3. Пристапен туризам во Република Северна Македонија

Речиси и да не постои земја во Европа која не обрнува внимание на патувањата на лицата со попреченост и не презема иницијативи и активности за нивното подобрување. Во најголем дел урбаните дестинации се тие кои најмногу ги подобруваат условите за патување и престој на лицата со попреченост, бидејќи бенефитите се користат и од страна на локалното население. Во Република Северна Македонија, од страна на Министерството за економија (Сектор туризам и угостителство), секоја година се доделуваат ваучери за одмор на работници со ниски примања. Оваа мерката има два аспекти:

- Социјален аспект - да се помогне на семејствата со ниски приходи да имаат можност да одат на годишен одмор.
- Економски аспект - им се дава поддршка на хотелиерите и туристичкото стопанство, се зголемува бројот на туристи надвор од туристичката сезона.

Во Република Северна Македонија во различни области од законската регулатива се регулирани правата на лицата со попреченост. Согласно Правилниот за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој, лицата со попреченост се делат на следните категории [26]:

- Лица со оштетен вид (слабо видни и слепи);
- Лица со оштетен слух (наглуви и глуви);
- Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
- Лица со пречки во телесниот развој;
- Лица со попреченост во менталниот развој (лесна, умерена, тешка и длабока);
- Лица со аутизам и лица со друго перварзивно развојно растројство;
- Хронично болни лица; и
- Лица со повеќе видови на попреченост.

За потребите на овој труд, разгледаните примери на пристапен туризам од Република Северна Македонија се поделени на четири групи: пристапност на објектите во туризмот и угостителството; пристапност во објектите на култура; пристапност во објектите за спорт и рекреација; и пристапност во сообраќајот.

### 3.1 Пристапност на објектите во туризмот и угостителството

Угостителските објекти за храна и пијалаци се адаптираат кон гостите со попреченост преку изградба на соодветна инфраструктура, рампи, прилагодени тоалети, лифтови, знаци, толковен јазик, Брајово писмо, обука на персонал за работа и услужување на лица со попреченост и слични активности. Хотелите ја прилагодуваат својата инфраструктура преку достапни влезови и излези во објектот, рампи и лифтови, пристапна приемна служба (рецепција), поставени информации и знаци за ориентација во објектот, прилагодени соби и тоалети, базени, дополнителни услуги и др.

Угостителските објекти за сместување се категоризираат според однапред определени критериуми. Според Правилникот за категоризација на хотели, мотели и пансиони од 2013 година, критериумите за категоризација во Република Северна Македонија се следните: зграда, мебел и опрема, услуга, слободни активности, распоред на понудата и конференциски капацитети. Во критериумите за

категоризација на хотели, мотели и пансиони во Република Северна Македонија, во област Зграда, постои критериум простории за инвалидизирани лица [27].

Booking претставува водечки светски систем за онлајн резервации за сместување, кој секој месец на својата интернет страница привлекува над 30 милиони посетители заинтересирани за туристичките дестинации во светот [28]. На страницата на Booking најпрво се избира местото каде се бара сместување, терминот за престој и бројот на гости. Потоа се појавува листа на сместувачки објекти, при што може да се изврши „филтрирање“ според неколку критериуми како: категоријата на објектот, цената, видот на собите (број на легла, опременост, поставеност), пристапност на објектот, пристапност на собите и др.

Табела. 1 - Пристапноста во објектите за сместување во Скопје и Охрид во системот Booking
Table. 1 - Accessibility in accommodation facilities in Skopje and Ohrid in the Booking system

| Место | Вкупно објекти | Објекти за инвалидски колички | Објекти со информации на Брајово писмо | Објекти со информации на знаковен јазик |
|---|---|---|---|---|
| Скопје | 329 | 20 | 3 | 3 |
| Охрид | 493 | 20 | / | / |
| Вкупно | 822 | 40 | 3 | 3 |

Извор: https://www.booking.com/

Од табелата 1, може да се забележи, дека во двата најважни туристички центри во Македонија, Охрид и Скопје има вкупно 822 сместувачки објекти во системот Booking. Од нив, 40 објекти се со можност за пристапност на инвалидски колички, што претставува помалку од 5%. Во Скопје има и три објекти каде се користи Брајово писмо и знаковен јазик.

Како примери на прилагодување на угостителските објекти кон потребите на лицата со попреченост во Република Северна Македонија ќе ги споменеме следните три. Првиот се однесува на користењето на знаковен јазик во новоотворена кафетерија во Битола во 2021 година. Сопствениците на оваа кафетерија се со оштетен слух, како и вработените во угостителскиот објект [29]. Менито на овој објект е направено на знаковен јазик и истото е креирано со објаснување како да нарачате на знаковен јазик кој се користи за комуникација меѓу персоналот и гостите во кафетеријата.

Вториот пример се однесува на користење на Брајово писмо во изработка на мени. Во 2013 година, испечатено било мени на Брајово писмо изработено за потребите на слепите лица, на иницијатива на Црвениот крст, а со поддршка на Министерството за труд и социјална политика и Училиштето за лица со оштетен вид „Димитар Влахов“. Менито со Брајово писмо било промовирано во ресторанот „Пелистер“ во Скопје [30]. Третиот пример се однесува на позитивното неколку годишно искуство на скопскиот ресторан Амбрела [31] во кој работат лица со интелектуална попреченост [32].

Тренингот и обуката на лицата со попреченост е од големо значење за нивното вработување во секторот туризам и угостителство. Како пример, ќе посочиме еден проект кој се реализирал во нашата земја од страна на невладината организација Метаморфозис [33]. Проектот насловен како „Што ќе се напиете?“ е проект за обука на лица со интелектуална попреченост за угостителски вештини кој се реализирал во периодот февруари-јуни 2017 година. За потребите на проектот, четворица учесници во угостителските работилници теоретски и практично биле обучени за послужување во угостителски објекти. Како друг пример ќе ја посочиме иницијативата на Агенцијата за вработување, која преку проект финансиран од Швајцарија извршила обука за угостителски вештини на 20 лица со попреченост [34].

Невладините организации имаат достап до развојните фондови и донаторски агенции кои објавуваат повици и поддржуваат проекти во насока на пристапниот туризам. Како пример ќе посочиме еден проект по програмата на Европската Унија - Еразмус+, со партнери од Република Северна Македонија, Романија и Шпанија [35]. Проектот има за цел да се направи патувањето достапно и безбедно за слепи и лица со оштетен вид преку изработката на различни алатки [36].

Туристичките информативни центри се места каде посетителите можат да се информираат за дестинацијата која ја посетуваат. Информациите им помагаат на туристите за подобро истражување и навигација низ местата во кои се движат. Како пример за пристапни туристички инфо центри ќе ги посочиме неколкуте инфо центри кои се наоѓаат во централното подрачје на град Скопје, кои имаат прилагодена инфраструктура за лица со инвалидски колички.

### 3.2 Пристапност во објектите на култура

Културата е составен дел од туризмот и туристичките патувања. Како значајни за туризмот, културните објекти и активности во дестинациите се прилагодуваат за туристи со попреченост. Како пример за овозможување на пристапност за лица со попреченост до објектите на култура во Република Северна Македонија ќе го споменеме уредувањето на историскиот и археолошки локалитет Хераклеја кај Битола [37]. Со финансиски средства од проект по Програмата за прекугранична соработка на

Европската Унија, инфраструктурно се уредил пристапниот пат до античкиот локалитет, пристапот до амфитеатарот, се поставил лифт за лица со телесна попреченост, се подобрила состојбата со постоечкиот музеј и се изработил аудио водич.

Друг пример од нашата земја се однесува на музејот во Крива Паланка [38]. Музејот како дел од Балканската мрежа на инклузивни музеи - без бариери неодамна го имплементирал проектот „Слушај и учи", каде преку модерни електронски уреди е инсталиран аудио водич на шест јазици. Аудио-водич низ музејските поставки, тактилни предмети-експонати и пристапни рампи за лицата со попреченост на сите влезови на музејот во Крива Паланка ја прават оваа институција единствена од ваков вид во земјата во презентација на поставките и културното наследство. Археолошкиот музеј на Македонија, организира Тактилни изложби, а влезот за лица со попреченост е бесплатен [39]. Објектот на Музејот на македонската борба во Скопје е граден според современите стандарди за пристапност. Главниот влез на музејот е лесно пристапен за лица со хендикеп. Во објектот постојат лифтови и тоалети за хендикепирани лица. Во изложбените простории и во холот постојат места за одмор. Музејот поседува две инвалидски колички кои се на располагање за користење. За слепите и слабовидни лица музејот отпечатил каталог на музејската поставка на Брајово писмо, а направени се и посебни адаптации за лицата со аутизам [40].

### 3.3 Пристапност во објектите за спорт и рекреација

Инфраструктурата е еден од предусловите за развој на спортот и рекреацијата, а во денешно време спортските терени, игралишта, сали, спортски центри и објектите за разонода и рекреација се прилагодени за посета од страна на лица со попреченост. Како пример за вклучување на лицата со попреченост во спортски активности ќе го спомeнеме спортско - рекреативниот центар „Борис Трајковски" во Скопје, кој за сите граѓани со одреден вид на попреченост, нуди бесплатно пливање во базенот и бесплатни часови по пливање [41]. Освен пливањето, лицата во зависност од попреченоста можат да посетуваат и други обуки што се нудат во салата, и тоа во фитнес центарот, кугланата, пинг-понг салата, сауната и друго. Во овој центар, исто така се организираат разни спортски натпревари за лица со попреченост како и семинари за спорт и лица со попреченост.

Можностите за рекреација на лицата со попреченост се подобруваат во рамките на различни проектни активности. Една од таквите активности е велосипедската тура во Преспа, на која учество земале триесетина спортисти со физичка и интелектуална попреченост во неколку групи. Во рамките на овој проект со инструктори биле организирани и обуки за пливање, возење на кајак, нуркање, јога, медицинска помош и др. Целта на проектот била да се поттикнат лицата со попреченост да ги осознаат своите можности и да градат капацитети на самостојни и самоуверени личности, кои ќе дадат придонес кон градењето на инклузивно општество. Освен директната вклученост на лицата со попреченост во спортските активности, со овој проект се мотивирале и поттикнале на поголема социјализација и вклученост во адаптивните спортови и се промовирала општина Ресен како атрактивна туристичка дестинација за овие спортови [42].

Како пример за уредување на плажа за достапност на лица со попреченост во нашата земја ќе го посочиме примерот на езерото Младост во Велес [43]. Дел од крајбрежниот појас на велешкото езеро е целосно достапен за користење и за лицата со попреченост. Поставена е пристапна патека и плажа за пристап на лица со попреченост, како и ограда за безбедно да се стигне до брегот на Езерото. Патеката продолжува и до соблекувалните и просторот за туширање. Од двете страни на патеката се поставени клупи. Донесен е и поставен сепариран песок на плажата, каде се поставени и десет чадори од трска. За децата комплетно да можат да се забавуваат и уживаат направено е катче со урбана опрема (лулашки, клацкалки и лизгалка). За урбано користење на плажата се обезбедени мобилни тоалети, поставени на ново изведениот паркинг простор кои се приспособени и за користење од страна на лицата со попреченост.

Како пример за подобрување на пристапноста на шопинг центрите ќе го спомeнеме Скопје Сити мол [44], каде се наоѓаат 150 продавници на светски брендови. Освен модните брендови, понудата на шопинг центарот ги опфаќа и сите сервисни услуги, потреби за домаќинство, козметика и убавина, книжарница, детски катчиња со забавен и едукативен карактер, тематски и семејни ресторани, брза храна, кафулиња, кино, куглана и многу други содржини за забава. Најголемиот трговски центар во земјата, Скопје Сити мол спровел кампања наречена „Некултурата не е инвалидитет". Целта на оваа кампања на Сити мол е подигање на свеста на населението за правата на луѓето со инвалидитет и тоа конкретно за правото да можат да ги користат паркинг местата кои се наменети за нив. Сити мол инаку е целосно усогласен со потребите и на лицата со попреченост. Покрај тоа што има достапен пристап за влез во трговскиот центар, пристапни тоалети и лифтови за да можат и ова категорија лица непречено да пазаруваат во молот, за нив се обезбедени посебни паркинг места, кои се прописно обележани.

### 3.4 Пристапност во сообраќајот

За патувањата и туризмот воопшто, како еден од факторите за развој се јавува сообраќајната поврзаност од местото на живеење на туристот до дестинацијата која се посетува, но и во самата дестинација. За меѓународниот туризам од најголемо значење се авионскиот транспорт, потоа следува автомобилскиот, па бродскиот и железничкиот транспорт. За секој вид на транспорт, во однос на пристапноста на лицата со попреченост постојат различни карактеристики. Авионскиот сообраќај е еден од најзначајните видови на транспорт за меѓународниот туризам и патувањата на подолги релации. Регулативата 1107/2006 на Европската Унија ги обврзува тур-операторите, авиопревозниците и менаџерските тела да обезбедат висококвалитетна и практична помош на патниците со посебни потреби и патниците со намалена подвижност со цел да имаат еднакви можности за патување како и останатите патници [45]. Правилата велат дека секое лице кое има попреченост, без разлика на тоа дали е привремена или трајна и без разлика на причината, има право на одредена помош за време на лет. Најважно е да се има во предвид дека било кој вид на ваква помош е бесплатна. На меѓународниот аеродром „Св. Апостол Павле“ во Охрид, постои Служба за специјална помош која е дел од Одделот за прифат на патници и дава услуги на лицата со посебни потреби и лицата со намалена мобилност [46].

Како пример од Република Северна Македонија поврзан со пристапниот јавен сообраќај ќе го посочиме Јавното сообраќајно претпријатие ЈСП Скопје. Ова претпријатие поседува неколку возила кои се прилагодени за превоз на лица со попреченост [47]. Посебно адаптираните возила располагаат со автоматски управувана рампа за инвалидска количка, рачки за држење, каиши и шипки за закочување на инвалидските колички. ЈСП има бесплатна телефонска линија, преку која превозот се договара во работни денови од 08-15 часот. Претпријатието организира превоз за 500 лица со попреченост. Превозот се организира и користи според следните приоритети: користење на здравствена заштита, редовни превози до работното место, остварување права од областа на социјална заштита, остварување права од областа на инвалидска заштита и посета на спортски, културно-забавни и слични манифестации. Освен посебно адаптираните возила за лицата со попреченост, возилата на ЈСП Скопје располагаат со рампи за лица корисници на инвалидска количка. Паралелно со пристапните автобуси, ЈСП Скопје секоја година распишува јавен повик за бесплатно повластено користење на јавниот градски превоз од страна на лицата со попреченост.

## 4. Заклучок

Туризмот е активност на луѓето кои патуваат надвор од своето постојано место на живеење, појава која е присутна во сите земји во светот и бележи се поголем раст на глобално ниво. Големата улога која ја има туризмот, ја пронаоѓаме како од аспект на културниот просперитет, така и поради економскиот бенефит за дестинациите. Со оглед на неговата природа и влијанието, туризмот треба да биде достапен за сите луѓе во светот, а поради таа причина ширум светот се повеќе се обрнува внимание на концептот пристапен туризам. Целта на овој труд е да се направи преглед на примери од пристапен туризам во Република Северна Македонија. За потребите на овој труд, разгледаните примери на пристапен туризам од Република Северна Македонија се поделени на четири групи: пристапност на објектите во туризмот и угостителството; пристапност во објектите на култура; пристапност во објектите за спорт и рекреација; и пристапност во сообраќајот.

Пристапноста на дестинациите е значајна тема во новиот милениум, а позначајните бенефити за дестинацијата кои произлегуваат од развојот на пристапниот туризам се следните:

- Подобро место и околина за живеење – локалните жители се првите кои имаат корист од подобра пристапност на околината и инфраструктурата;
- Повеќе даночни приходи - пристапната дестинација привлекува повеќе посетители;
- Нови можности за работа - повеќе посетители позитивно влијаат на локалното население преку економијата, вклучително и пазарот на труд и вработувањето;
- Квалитетна и конкурентна дестинација - пристапноста носи подобар квалитет на туристичката понуда и конкурентската предност во однос на останатите дестинации;
- Подобро вклучување на лицата со попреченост во социјалните и културните активности - благодарение на подобрата пристапност лицата со попреченост можат да ја посетат дестинацијата и да уживаат во овие активности.

Дестинациите ширум светот му придаваат се поголемо значење на пристапниот туризам и истиот во изминатите декади се позиционира високо во листата на нивните развојни агенди. Иницијативите на туристичкиот сектор во Република Северна Македонија треба да се движат во насока на подобрување на условите за развој на пристапниот туризам и следење на светските трендови на ова поле. Земјите кои покажуваат најголем напредок во областа на пристапниот туризам вообичаено ги реализираат следните активности:

- Имаат национална / регионална политика за развој на пристапен туризам, со долгорочен акционен план за постигнување на одредени цели;
- Споделуваат искуства и знаења од други национални туристички организации (НТО) преку членство во меѓународни организации за туризам;
- Имаат формирано организации за управување со дестинацијата (ДМО) за промовирање на „достапни дестинации“;
- Вклучуваат информации за туристи со попреченост на веб-страниците на НТО;
- Поттикнуваат и креираат информативни шеми за пристапност на национално, регионално или локално ниво;
- Воспоставуваат стандарди за квалитет и идентификување на добри практики во пристапниот туризам;
- Обезбедуваат информации за развој на бизнисот и стимулираат развој на туристички бизниси во делот на пристапноста;
- Спроведуваат истражување на пазарот и ги објавуваат резултатите за да се прикаже побарувачката за пристапен туризам меѓу домашните и странските туристи;
- Соработуваат со организации за попреченост за да ги развијат и следат стандардите и идентификуваат најдобри практики; и
- Организираат доделување награди за најдобрите практики на пристапни дестинации или туристички бизниси.

**Користена литература**

[1] UNWTO (2020) Tourism highlights. Madrid: UNWTO.
[2] Методијески, Д, Филипоски, О., Кескинова, А., Џамбазовски, К., Талеска, М., Тодоровиќ, Е., Димовски, Ч., Мицевски, М., Митрева, Е. (2021) Пристапност во туризмот: патувања на лицата со попреченост. Скопје: Туристика.
[3] Ritchie, B, Burns, P, Palmer, C. (2005) Tourism research methods: Integrating theory with practice. Oxfordshire: CAB International.
[4] https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/disability-and-health
[5] Конвенција на ОН за правата на лица со попреченост во Законот за ратификација на Конвенцијата за правата на лица со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лица со инвалидност (2011) Службен весник на Република Македонија бр. 172.
[6] Buhalis, D., Darcy, S. (2011) Accessible tourism: Concepts and Issues. Bristol: Channel View Publications.
[7] Buhalis, D., Ambrose, I., Darcy, S. (2012) Best practice in accessible tourism: Inclusion, Disability, Ageing Population and Tourism. Bristol: Channel View Publications.
[8] Jafari, J. (2016) Encyclopedia of tourism. Gabler Verlag: Springer.
[9] Kim, IL., Wnng, HK. (2021) People with disabilities (PwD) in the tourism industry - concepts and issues. Critical Tourism Studies Conference VI "10 years CTS: Reflections on the road less travelled and the journey ahead", Opatija, Croatia, 26-30 June 2015, pp.14.
[10] Human Kinetics (2010) Inclusive recreation: programs and services for diverse populations. Human Kinetics.
[11] Papathanassis, A. (2011) The Long Tail of Tourism: Holiday Niches and their Impact on Mainstream Tourism. Gabler Verlag: Springer.
[12] McCabe, S., Minnaert, L., Diekmann, A. (2012) Social Tourism in Europe: Theory and Practice. Bristol: Channel View Publications.
[13] https://www.unwto.org/accessibility
[14] https://webunwto.s3-eu-west-1.amazonaws.com/2019-08/accessibilityunwtosanmarinoaccessible.pdf
[15] https://webunwto.s3.eu-west-1.amazonaws.com/s3fs-public/2020-03/20200304_Prov.%20Programme_Tourism%20and%20Accesibility_layout.pdf
[16] UNWTO (2013) Recommendations on Accessible Tourism. Madrid: UNWTO.
[17] UNWTO (2015) Manual on Accessible Tourism for All – Public-Private Partnerships and Good Practices. Madrid: UNWTO.
[18] UNWTO (2016) Accessible Tourism for All: An Opportunity within Our Reach. Madrid: UNWTO.
[19] UNWTO (2016) Highlights of the 1st UNWTO Conference on Accessible Tourism in Europe. Madrid: UNWTO.
[20] UNWTO (2016) Manual on Accessible Tourism for All: Principles, Tools and Best Practices. Madrid: UNWTO.
[21] UNWTO (2018) Global Report on Inclusive Tourism Destinations – Model and Success Stories. Madrid: UNWTO.
[22] UNWTO (2020) UNWTO Inclusive Recovery Guide - Sociocultural Impacts of COVID-19, Issue I: Persons with Disabilities. Madrid: UNWTO.

[23] UNWTO (2020) Reopening Tourism for Travellers with Disabilities. Madrid: UNWTO.
[24] https://www.accessibletourism.org/
[25] Jovanovski, B. (2007) Barriers-Current Conditions and Recommendations for Overcoming Them. Journal of Special Education and Rehabilitation, 8(3-4), pp. 71-79.
[26] Правилник за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој (2016) Службен весник на Република Македонија бр. 172.
[27] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Pravilnik%20-%20Kategorizacija_na_hoteli_moteli_i_pansioni.pdf
[28] https://www.booking.com/
[29] https://www.slobodenpecat.mk/radmila-od-bogdanczi-i-martin-od-bitola-licza-so-oshteten-sluh-go-otvorija-vo-bitola-prvoto-znakovno-kafule/
[30] https://vlada.mk/node/6328
[31] https://umbrella.mk/
[32] https://www.youtube.com/watch?v=AEtoW-qT3TE&t=34s
[33] https://metamorphosis.org.mk/aktivnosti_arhiva/zavrshen-nastan-na-proektot-za-obuka-na-lica-so-intelektualna-poprechenost/
[34] http://av.gov.mk/nastani-ns_article-dodeluvanje-sertifikati-na-20-lica-koi-uspeshno-ja-zavrshija-obukata-za-ugostitelski-veshtini.nspx
[35] https://mdu.mk/useful-links/8-news/61-atsforvip-2
[36] http://www.atsvip.eu/project_mk.php
[37] https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/herakleja-ke-dobie-lift-za-litsa-so-poprechenost/
[38] https://mms.mk/16561/a%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%BE-%D0%B2%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%87-%D0%BD%D0%B0-%D1%88%D0%B5%D1%81%D1%82-%D1%98%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D1%88%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5/
[39] https://amm.org.mk/bileti/
[40] http://mmb.org.mk/muzej/index.php/mk/%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D1%82%D0%B0-mk/%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82
[41] https://www.salaboristrajkovski.gov.mk/
[42] https://meta.mk/velosipedska-tura-vo-resen-za-sportisti-so-poprechenost/
[43] https://veles.gov.mk/%D1%83%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%BF%D1%80%D0%B5/
[44] https://skopjecitymall.mk/
[45] https://www.caa.gov.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%b0%d1%82%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b8/6-%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%b0%d1%82%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b8-%d1%81%d0%be-%d0%bf%d0%be%d1%81%d0%b5/
[46] http://ohd.airports.com.mk/mk-MK/airport-facilities-services-mk/page/disabled-special-need-passengers-mk
[47] http://212.13.72.97/vest/415